Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број: 08-450/2

__________ година

2 3.-07- 2024

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ“ бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–450/1 од 11.06.2024 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-450/1 од 11.06.2024 година, поднесена од [redacted] од Битола **поради ненадлежност.**

О б р а з л о ж е н и е

На 11.06.2024 година [redacted], Битола преку адвокат [redacted] од Битола поднесе претставка до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата). Претставката, покрај тоа што е поднесена до Комисијата, поднесена е исто така и до Народниот правобранител, Државниот инспекторат за труд и Државниот управен инспекторат. Подносителката е вработена во ЈП Стрежево Битола. Во претставката таа оспорува решение за распоредување на административен службеник, од причини што според неа, истото е нејасно и образложението е спротивно на Законот за јавните претпријатија, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници. Дополнително, се наведуваат причини поради кои решението е незаконито, како и последици кои подносителката ги трпи, а кои се однесуваат на права и обврски од работниот однос.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од изнесените факти и околности во претставката утврди дека опишаните настани во претставката се однесуваат на акти на работодавачот, односно спорење на законитост на решение.

Оттука, Комисијата одлучи дека за опишаниот настан се предвидени други постапки за заштита во согласност со прописите кои ги уредуваат работните односи на вработените во јавниот сектор. Имено, согласно член 99 став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон, како и на прописите донесени врз основа на овој закон, врши Државниот управен инспекторат, како и согласно член 45 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/2014; 199/2014; 27/2016; 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/2019; 14/2020 и 302/2020), кој ја предвидува истата надлежност за напред наведениот инспекторат.

Дополнително, донесеното решение согласно дадената правна поука во него, подносителката има право да го оспорува со приговор до управниот одбор на ЈП Стрежево Битола и следствено на тоа, против истото да поведе постапка пред надлежниот суд.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*
- [redacted]
- *Архива на Комисијата*